

# Очи во очи со мозочниот удар:

# МОЗОЧНИОТ УДАР МОЖЕ ДА СЕ ЛЕЧИ

## Животот може да се подобри

## свесност | пристапност | активност

## СВЕСНОСТ

Мозочниот удар не познава граници, може да му се случи на секого во секое животно доба. Го променува начинот на живот не само на болните туку и на нивните семејства, пријатели, влијае на работната средина и заедницата во целост.

**Мозочниот удар уништува животи насекаде низ целиот свет.** [1]

**17M** мозочни удари

**6.5M** изгубени животи

**26M** преживеани

## ПРИСТАПНОСТ

Брзото и навремено препознавање на симптомите и знаците на мозочниот удар како и итното лекување во специјализирана единица за мозочни удари може да го спаси или подобри животот на болните.

**Правилниот третман и нега се многу значајни. Нажалост сеуште многу болни немаат пристап до таков третман.**

**+14%** Специјализираните единици за мозочен удар ја зголемуваат можноста за подобар исход по мозочниот удар за 14%[2]

**+30%** Лековите кои го уништуваат тромбот ја зголемуваат можноста за подобар исход за 30%[3]

**+50%** Третманот при кој се отстранува тромбот од крвниот сад, ја зголемува можноста за подобар исход за 50%[4]

## АКТИВНОСТ

Мозочниот удар влијае на сите. Превземи акција, научи повеќе и придонеси за навремен и подобрен пристап до соодветниот третман.

**Придружи се во борбата против мозочниот удар. Активирај се, осознај и подобри го пристапот.**

- Научи ги знаците и симптомите на мозочниот удар. Реагирај **БРЗО** (**Б**рзо повикај **194** ако, **Р**аката ти е послаба, **З**борот ти е променет, **О**бразот ти е искривен)
- Сподели ги информациите со семејството и пријателите
- Апелирај за брз и навремен пристап до соодветниот третман

**Заедно ќе го победиме мозочниот удар**

one voice
One World Voice for Stroke

Вклучи се во кампањата на:
**worldstrokecampaign.org**

Здружение за борба против мозочен удар
Macedonian Stroke Association
www.mozocenudar.mk

[1] Feigin et al 2014 -2015 , [2] The Cochrane Collaboration 2013, [3] Emberson et al 2014, [4] Goyal et al 2016